**25.09.2020-Петок**

## НАСТАНИ




### Уличен перформанс на живи скултури по повод Светската недела на детето

Во пресрет на Светската недела на детето, Домот на културата „Македонија“- Гевгелија ќе ја одбележи неделата на детето со уличен перформанс на живи скулптури „Ноќ во музејот“. Настанот ќе се одржи на 29 септември, 2020 година (вторник), со почеток во 19 часот, пред платото на плоштадот „Сава Михајлов“. Гости на манифестацијата се уметниците од Домот на култура „Иван Мазов - Климе“- Кавадарци, кои на најмалите ќе им претставата авантури од: Лименко, Каубојот, Добрата вила и многу други ликови од сказните.

Од Домот на културата апелираат посетителите на настанот да ги почитуваат протоколите за организирање настани и заштитните мерки против КОВИД- 19. Светската недела на детето се одбележува во светски рамки, секоја година во првата полна недела во месец октомври.

Инаку, минатата година, Домот на културата „Македонија“- Гевгелија Светската недела на детето ја одбележи со театарска претстава за деца од сопствената продукција „Царскиот паж“ од Јосип Палада, во изведба на најмалата група актери-аматери на „Дон Кихот“, во режија на Катица Цишева Дупарова.

**25.09.2020-Петок**

## ИНФОРМАЦИИ



### Епидемиолог д-р Сашо Олумчев за зголемениот пораст на заболени од КОВИД-19 во Гевгелија

Во последните две недели, Гевгелија бележи значаен пораст на новозболени лица од КОВИД-19. Вкупниот број на активни случаи во Гевгелија изнесува 31 лице. Д-р епидемиолог Сашко Олумчев, раководител на Центарот за јавно здравје- ПЕ Гевгелија истакна дека денешните случаи се жители на: Гевгелија, Негорци, Богородица и Богданци.

За зголемувањето на бројките на новозаболени лица од Корона вирус, Олумчев, истакна дека тие се резултат на непочитувањето на мерките од страна на поголемиот дел граѓани кои не носат заштитна опрема ниту во затворен, ниту на отворен простор:

- Во последните две недели, откако кај нас почна да се зголемува бројот на заболени лица од Корона вирус, се евидентирани се повеќе млади лица кои се позитивни на КОВИД-19, а го пренесуваат и на своите околу нив. Друга причина за зголемувањето на бројките се враќањата од годишните одмори, а најмногу собирањето по дворовите, седенките, журките и концертите. Во моментот, кај нас се лекуваат 25 лица со потешка клиничка слика поради здравствени проблеми. За 10 до 15 дена очекувам бројот на новоболени да биде поголем.

Олумчев апелира до граѓаните, особено до младата популација да ги почитува заштитните мерки бидејќи вирусот станува поагресивен, доаѓа зимата и следат сезонските грипови. Тоа дополнително ќе ја отежнува работата на лекарите и на болниците, иако Општата болница со проширена дејност-Гевгелија има капацитет да се справи со процесот на лекување на болните од Корона вирус, но тука, секако, треба да помогнат и самите граѓани со својот придонес, а тоа е задолжително носење маска, шал или марама, одржување физичка дистанца и редовна дезинфекција на рацете.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

## 25.09.2020-Петок



### Општина Гевгелија дел од проектот "Ослободи го умот од корупција"

Вчера, Општина Гевгелија беше домаќин на презентацијата на проектот „Ослободи го умот од корупција, ХЕПИ ХИПО ШОУ“ од ЗГ „Театар Боеми“- Скопје. Во соработка со Домот на културата „Македонија“- Гевгелија, промоцијата на проектот се одржа во Големата сала на Народниот театар со почитување на протоколите за организирање настани.

На промоцијата на проектот учествуваа претставници на локалните институции, здруженијата на граѓани и млади.

Промоцијата на проектот се одржа преку интерактивна театарска претстава со две сцени кои обработуваат дејство со темата на проектот, корупцијата, во која активно учество со дебата зедоа и гостите претставници. Потоа следеше кратка презентација од страна на раководителот на проектот, Нелко Нелковски, преку која ја истакна целта на проектот, а тоа е развојот на позитивните вредности во општеството.

- Самиот проект дава можност за организирање соодветна и т.н. мрежа за развој, каде активни членови ќе бидат и претставници од Делчево, што ќе отвори перспектива за мобилизирање на сите позитивни вредности за развој на општината и, воопшто, на општеството, истакна Нелковски.

На крајот од презентацијата, во рамките на земјиштето со кој располага Народниот театар, во просторот позади старата автобуска станица, беше засадено дрвце јавор со кое се одбележи имплементацијата на проектот, а во иднина околу него ќе бидат поставени сценско плато и клупа за седење. Во рамките на проектот, надворешната површина околу Театарот ќе добие мало камерно место за организирање настани во природа. Во ноември, ќе биде формиран Локален совет од претставници кои ќе делуваат како локално тело на проектот.

Во проектот учествуваат 30 општини од државата, со по 70 претставника од секој град. Инаку, проектот е поддржан од Министерството за локална самоуправа на РСМ, Претседателот на државата, Парламентот, Владата, сите релевантни Министерства и Амбасадата на САД во земјава.




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk